Australian Government
Medicare Australia

medicare

# Medicare

## Што е Medicare?

Medicare е програма што ја води Medicare Australia и која се грижи сите Австралијци да имаат пристап до бесплатна или евтина медицинска, оптичарска или болничка нега, а во исто време да можат да си изберат и приватни здравствени услуги.

Medicare овозможува пристап до:

- Бесплатно лекување како државен пациент (на Medicare) во државни болници
- Бесплатно лекување или лекување со попуст од страна на здравствени работници како што се специјалисти, оптичари кои учествуваат во програмата и стоматолози (само за одредени услуги).

Австралискиот јавен здравствен систем заеднички го финансираат Австралиската влада и посебните влади на државите и териториите, а со него управуваат Одделите за здравство на државите и териториите. Вашиот придонес за Medicare во здравствениот систем се пресметува врз основа на вашиот приход и се обезбедува преку даноци.

Со Medicare раководи Medicare Australia преку својата мрежа на канцеларии на Medicare и други служби за информации и поднесување пријави.

Повластиците кои ги добивате од Medicare се засновани на еден ценовник на надомести кој го утврдува Австралиската влада. Лекарите можат да изберат да ви наплатат повеќе од утврдените надомести.

## Дали имам право на Medicare?

Доколку живеете било каде во Австралија, имате право на Medicare ако

- Имате австралиско државјанство
- Поседувате иселеничка виза
- Поседувате иселеничка виза од Нов Зеланд
- Имате поднесено барање за некоја од иселеничките визи и поседувате
    - Веродостојна виза со работна дозвола во Австралија, или
    - Веродостојна виза врз основа на родител, сопружник или дете кои се австралиски државјани или имаат иселеничка виза.

**Забелешка:** Островот Norfolk не учествува во програмата на Medicare. Австралиските државјани кои живееле во Австралија и се преселиле на островот Norfolk имаат право на Medicare кога се враќаат во посета на Австралија во период од пет години.

Може и да немате право на Medicare доколку:

- вашето барање за родителска виза се разгледува или ако се разгледува вашето барање за виза за заштита, а претходно сте поднеле барање за родителска виза
- Поседувате привремена виза за можен брак (сопружник – подкласа 300). Немате право на Medicare додека не ви се прифати барањето за иселеничка виза од страна на Одделот за доселување и државјанство (Department of Immigration and Citizenship - DIAC).

## Што покрива Medicare?

Medicare обезбедува повластици за низа болнички и вонболнички медицински услуги.

### Услуги надвор од болничкиот систем

Услугите на кои имате повластица се следните:

- Надомести за консултации кај лекари и специјалисти
- Испитувања и прегледи кај лекари кои се потребни за лекување болести, вклучувајќи и рентгенски снимки и патолошки тестови
- Тестови на очите кои ги вршат оптичари
- Повеќето од хируршките и другите терапевтски зафати кои ги вршат лекари
- Одредени хируршки зафати извршени од страна на одобрени стоматолози
- Специфични делови наведени во Шемата за расцепени усни или расцепено непце.

Можете да го изберете лекарот кој ќе ви пружа лекарски услуги надвор од болница. За да одите на специјалист потребен ви е упат од лекар (специјалист или општ лекар) Доколку немате веродостоен упат може да не добиете повластици од Medicare, или пак може да добиете само намалување на надоместот. За консултација кај оптичар не ви е потребен упат.

Medicare обично плаќа **85 проценти** од утврдените надомести за Medicare за сите вонболнички услуги, освен за услугите кај општ лекар.

### Болнички услуги

Во Австралија постојат болници кои ги финансира владата и се познати како државни болници, а постојат и приватни болници.

### Државен пациент

Доколку одберете во болница да ве примат како државен пациент (на Medicare) ќе добиете лекување од лекари и специјалисти назначени од болницата. Лекарот кој ве лекува нема да ви наплати за негата, за лекувањето или понатамошното следење.

### Приватен пациент

Доколку сте приватен пациент во државна или приватна болница, вие го избирате лекарот кој ќе ве лекува. Medicare ќе плати **75 проценти од** утврдениот надомест за Medicare за услугите и зафатите што ги вршат лекарите кои ве лекуваат. Доколку имате приватно здравствено осигурување, тоа ќе го покрие целиот или дел од остатокот за плаќање. Вам ќе ви се наплати за сместување во болница, за нега од медицински сестри и за работи како што се користење операциони сали или лекарства. Може да ви се наплати и за услуги од здруженото здравство, како што е физиотерапија. Приватното здравствено осигурување може да ви помогне да ги покриете овие трошоци.

## Приватно здравствено осигурување

Во Австралија постојат низа здравствени осигурувања и различни видови на здравствени покритија.

Австралиската влада нуди попуст до 30 проценти од трошоците за повеќето видови на приватно здравствено осигурување и доживотна здравствена заштита за луѓето кои ќе извадат приватно здравствено осигурување и ќе го задржат. Кога одите во болница и на операција од која дома си одите истиот ден, постојат исто така некои аранжмани со кои услугите од лекарот можат да се покријат од вашето болничко осигурување без да остане некоја сума која треба да се доплаќа.

Кога заработувате повеќе од одреден износ, ќе плаќате повисока стапка на надомест за Medicare доколку немате приватно здравствено осигурување.

## Како да се запишам во Medicare?

Во Medicare можете да се зачлените лично во некоја нивна канцеларија. Доколку живеете во подалечен регион, или ако постојат оправдани причини поради кои не можете да отидете во канцеларија на Medicare, можете вашата пријава да ја испратите по пошта, заедно со оригиналите или заверени копии од вашите документи и причината поради која не можете лично да одите, и тоа до GPO Box 9822 во вашиот главен град. Треба да покажете пасош или патни документи за секое лице кое се зачленува во Medicare.

**Иселениците и лицата со барање за иселенички статус (вклучувајќи и лица со барање за иселеничка виза за заштита)** ќе треба да обезбедат одредена документација.

- За иселеници (иматели на иселеничка виза за постојан престој)—пасош и веродостојна виза.
- За лица со барање за иселеничка виза со постојан престој—пасош, веродостојна виза и сите релевантни документи од Одделот за доселување и државјанство.

Се препорачува да почекате **една недела откако ќе пристигнете** во Австралија пред да се пријавите за Medicare, за да му овозможите на Medicare да ги прими податоците за вашата виза од Одделот за доселување и државјанство.

Некој службеник за корисници на Medicare ќе ви помогне да се запишете. Доколку ви е потребна помош со јазикот, службеникот за корисници на Medicare може да организира помош или можете да се јавите во Преведувачката и толкувачка служба (TIS) на **131 450***.

### Државјани на Нов Зеланд

Доколку сте државјанин на Нов Зеланд кој бара да стане иселеник со постојан престој, треба да донесете:

- Новозеландски пасош со печат за влез во Австралија ставен од Одделот за доселување и државјанство
- Документи кои докажуваат дека ги имате прекинато врските со Нов Зеланд или кои го покажуваат вашиот постојан престој во Австралија, а во одредени случаи и двете.

Онаму кадешто може да се докаже постојан престој, државјаните на Нов Зеланд кои живееле таму пред да дојдат во Австралија имаат право на неопходно медицинско лекување според Спогодбата за заемна здравствена нега. Тоа подразбира лекување како државен пациент во државна болница, вонболнички услуги и рецепти за лекарства од Шемата за фармацевтски бенефиции. Лицата кои имаат право на нега според оваа спогодба не се запишани во програмата на Medicare.

### Новороденчиња

За да се поедностави процесот на запишување на новороденче, болницата им помага на новите родители да пополнат формулар кој се праќа во Medicare. Бебињата запишани во Medicare исто така автоматски се запишуваат и во Австралискиот регистар за вакцинација на деца.

### Австралиски државјани кои се враќаат од странство

Доколку сте австралиски државјанин кој се враќа од странство откако таму престојувал подолго од пет години, ќе треба да обезбедите:

- Доказ за вашето австралиско државјанство
- Документи кои ќе го поткрепат вашиот постојан престој во Австралија или прекинување на врските со земјата во која претходно сте живееле, а во одредени случаи и двете.

## Кога ќе го добијам бројот на мојата картичка од Medicare?

Доколку ги исполнувате сите услови за запишување, бројот од вашата Medicare картичка ќе го добиете кога се запишувате. Можете да го користите додека ви стаса картичката од Medicare. Таа ќе ви биде испратена во рок од 10 работни дена. Кога ќе ја добиете вашата  Medicare картичка, проверете ги поединостите за да бидете сигурни дека податоците се точни.

Важно е да имате веродостојна Medicare картичка—погрижете се во Medicare секогаш да ја имаат вашата тековна адреса за да можете да добивате нови Medicare картички и други важни информации.

Имајте ја со себе вашата Medicare картичка или број кога:

- Одите на лекар
- Барате поврат на надомест во канцеларија на Medicare
- Се распрашувате за нешто кога поднесувате барање
- Избирате во болница да ве лекуваат како државен пациент (на Medicare)
- Купувате лекови на рецепт во аптека.

## Како да остварам побарување од Medicare?

Постојат многу различни начини на кои можете да ги побарате вашите повластици од Medicare.

### Во ординацијата на вашиот лекар

Многу лекари сега нудат електронско побарување од Medicare и ви дозволуваат своите повластици од Medicare да ги побарате по електронски пат од лекарската ординација.

Доколку лекарот ви нуди електронско побарување од Medicare, вработените во ординацијата можат да го поднесат вашето побарување до Medicare преку безбедна Интернет врска или преку EFTPOS терминалите во канцеларијата преку вашата EFTPOS картичка.

Вашата повластица ќе биде исплатена на вашата банкарска сметка во рок од три работни дена, во зависност од системот за обработување на побарувања што го користи вашиот лекар.

Можете да ги евидентирате податоците од вашата банкарска сметка кај Medicare Australia за електронското побарување од Medicare да го остварувате уште побрзо. Тоа може да се стори преку пополнување на Формуларот за прибирање податоци за банкарска сметка на крајот од овој дел, во канцеларија на Medicare, на **www.medicareaustralia.gov.au** или ако се јавите на **132 011***. Исто така е важно вашиот лекар да ги има точните податоци за вашиот Medicare број и за адресата.

### Наплата директно од Medicare

Наплата директно од Medicare е кога вашиот лекар директно му наплаќа на Medicare, прифаќајќи ги повластиците од Medicare како целосна наплата за услугата. Доколку вашиот лекар наплаќа така, не може да ви се наплати за додатни работи како што се надомест за закажување, административна наплата, за чување на досие или за преврски. Меѓутоа, може да постојат некои дополнителни наплати за одредени вакцини.

Вие не треба да правите побарување до Medicare бидејќи вашиот лекар си наплаќа директно од нив.

### Канцеларии на Medicare

Medicare има 239 канцеларии низ Австралија каде можат да се остварат побарувања или преку шалтер или преку кутија за оставање барања до Medicare. Веројатно не ќе мора да пополнувате формулар кога правите побарување во канцеларија, само треба да се погрижите да ја примите вашата Medicare картичка. Доколку правите побарување во канцеларија повластицата може да ви се плати во кеш или по електронски пат на вашата банкарска сметка.

**Преку пошта**

Можете да го испратите вашиот пополнет формулар за побарување на надомест, заедно со оригиналните сметки и сметкопотврди до:

**Medicare Australia**
**GPO Box 9822**
во вашиот главен град

Не ја праќајте вашата Medicare картичка кога праќате барање по пошта. Формуларите може да се најдат на **www.medicareaustralia.gov.au** или во било која канцеларија на Medicare. Кога поднесувате побарување по пошта вашата повластица електронски ќе биде платена на вашата банкарска сметка или ќе ви биде испратен чек.

**По телефон**

Јавете се на **1300 360 460***, кажете ги поединостите за вашето побарување, а потоа испратете ги вашите сметкопотврди и сметки на:

**Medicare Australia**
**GPO Box 9822**
во вашиот главен град

Не се потребни формулари за побарување. Medicare почнува да го обработува вашето побарување додека документите патуваат по пошта. Откако истите ќе бидат потврдени ќе ви се изврши плаќањето. Можете да се јавите на **1300 360 460***, 24 часа на ден, седум дена во неделата. Кога правите побарување по телефон вашата повластица по електронски пат ќе биде исплатена на вашата банкарска сметка или ќе ви биде испратен чек.

**Пристапни пунктови на Medicare**

Луѓето што живеат во селски или подалечни средини имаат пристап до Пристапните пунктови на Medicare Australia. Овие пунктови се бутки каде што можете да разговарате со службеник за корисници на Medicare преку телефон, а ги има во аптеките, селските центри за трансакции и во некои продавници. За да направите побарување, зборувајте со оператор за корисници на Medicare кој ќе ги запише сите ваши податоци и ќе почне да го обработува вашето барање. Потоа вие ги испраќате вашите документи до Medicare, и откако истите ќе бидат потврдени ќе ви се изврши плаќање. Кога правите побарување по телефон од некој пристапен пункт, вашата повластица по електронски пат ќе биде исплатена на вашата банкарска сметка или ќе ви биде испратен чек.

Покрај поднесување барање за надомест на повластица, Пристапните пунктови можете да ги користите за:

- Да побарате копија од известувањето за вашите даночни повластици од Medicare
- Да ги обновите вашите податоци за Medicare
- Да се регистрирате во Австралискиот регистар на дарители на органи
- Да добиете помош околу исплатите на Помош за семејствата
- Да добиете информации за другите програми на Medicare Australia.

Местоположбата на Пристапните пунктови можете да ја најдете на **www.medicareaustralia.gov.au**

**Medicare двонасочно**

Medicare двонасочно овозможува да ги поднесете формуларите за вашите побарувања од Medicare во приватни здравствени фондови кои се дел од програмата, а и да ги поднесете вашите формулари за побарувања од приватните здравствени фондови во канцелариите на Medicare. Вашите формулари за побарувања ќе бидат препратени до соодветната организација за да бидат обработени. Доколку поднесувате побарување преку Medicare двонасочно вашата повластица по електронски пат ќе биде исплатена на вашата банкарска сметка или ќе ви биде испратен чек.

## Што е Заштитната мрежа на Medicare?

Доколку треба често да посетувате лекар или да правите испитувања може да завршите со високи сметки за медицински трошоци. Заштитната мрежа на Medicare е создадена за да ви помогне кога најмногу ви е потребна. Кога ќе го достигнете прагот на Заштитната мрежа на Medicare, посетите на вашиот лекар или правењето испитувања може да ве чинат помалку.

Заштитната мрежа на Medicare ги покрива вашите **вонболнички трошоци**. Услугите кои ги добивате во болница или кои се наплаќаат еднократно од Medicare не се покриени со Заштитната мрежа на Medicare.

## Дали треба да се пријавам?

Сите поединци се запишуваат автоматски – само одржувајте ги редовно вашите податоци за контакт кај Medicare.

Сите **семејства и двојки** мора да се запишат. Дури и кога целото ваше семејство е наведено на вашата Medicare картичка, сепак морате да се запишете во Заштитната мрежа на Medicare.

- Секој член на семејството мора да биде идентификуван за да можат неговите вонболнички медицински трошоци да се насочат кон Заштитната мрежа на Medicare за вашето семејство.
- Вашето семејство треба да го запишете само еднаш.
- Запишувањето е бесплатно.

Забелешка: за целите на Заштитната мрежа на Medicare, семејството се состои од:

- Двојка која е законски во брак и не се разделени, или двојка што живее невенчано со или без деца кои се зависни од нив, или
- Самохрано лице со деца зависни од него.

## Како да се запишам?

Можете да се запишете:

- Преку пополнување на формуларот прикачен за овој пакет
- Лично – во канцеларија на Medicare
- Преку телефон—јавете се на **132 011***
- Преку Интернет—**www.medicareaustralia.gov.au**

## Како да знам дека наближувам до одредена граница?

Medicare ќе ве контактираат доколку наближувате до одредена граница. За да ја проверите состојбата на вашата Заштитна мрежа на Medicare:

- Посетете ја **www.medicareaustralia.gov.au/online**
- Посете ја вашата локална канцеларија на Medicare.
- Јавете се на **132 011***

## Кои се повластиците за мене?

На пример, доколку ја достигнете горната граница на Заштитната мрежа на Medicare и потоа го посетите вашиот лекар кој ви наплаќа $65, ќе добиете повластица од Medicare од $34.30. Исто така ќе добиете 80 проценти од вашите трошоци кои сте ги платиле лично од џеб, што ви дава додатни $24.60 за вас. Така, според овој пример, одењето на лекар ќе ве чини само $6.10.

## Праговите на Заштитната мрежа на Medicare од јануари 2011 год.

| Праг | За кого важи | Како се пресметува | Повластица за вас |
|---|---|---|---|
| $399.60† | • За сите лица кои имаат Medicare картичка | Според износот на разликата | 100% од утврдените надомести |
| $578.60† | • Лица што имаат сојузна картичка за попусти<br>• Лица што добиваат Семејна даночна повластица (A) - FTB(A) | Сопствени трошоци | 80% од сопствените трошоци за вонболнички услуги |
| $1157.50† | • За сите лица кои имаат Medicare картичка | Сопствени трошоци | 80% од сопствените трошоци за вонболнички услуги |

† Оваа бројка се менува секоја година на 1 јануари во согласност со Показателот за потрошувачки цени (CPI).

**Сопствени трошоци**—разликата помеѓу висината на повластицата од Medicare и она што ви го наплаќа вашиот лекар.

**Доплата на износот на разликата**—разликата помеѓу висината на повластицата од Medicare и утврдениот надомест.

**Утврден надомест**—надомест за услуга утврден од Австралиската влада.

## Кои услуги влегуваат во Заштитната мрежа?

Некои примери на услуги за кои трошоците влегуваат во Заштитната мрежа се:

- посети кај општ лекар и кај специјалист
- ултразвук
- психијатрија
- снимање со компјутерска томографија или CT scans
- радиотерапија
- биопсија на ткиво

- снимање со магнетна резонанса или MRI
- проверка на крвта
- рентгенски снимки
- Папаниколау (пап) проверки.

## Информации за баби и дедовци и други негуватели

### Може ли да поднесам барање за надомест на медицинските трошоци направени за дете за кое се грижам?

Да, како баба, дедо или негувател можете да поднесете барање за надомест на медицинските трошоци направени за дете за кое се грижите – треба само да ја покажете вашата сметка во Medicare за да го земете надоместот.

### Дали детето треба да биде запишано на мојата Medicare картичка за да можам да поднесам барање?

Не, детето не мора да биде запишано на вашата Medicare картичка за да поднесете барање за медицинските трошоци што сте ги направиле.

### Дали треба да ја имам Medicare картичката на која е запишано детето?

Детето треба да е пријавено во Medicare и да е запишано на Medicare картичка. Меѓутоа, не треба со себе да ја имате неговата Medicare картичка за да поднесете барање за надомест. Лекарот може да телефонира на информативната линија на Medicare Australia на **132 150*** и да го побара бројот на Medicare картичката на детето па да го стави тој број на барањето за еднократен надомест. Доколку лекарот ви издаде сметка, персоналот во вашата локална канцеларија на Medicare ќе ви помогне да поднесете барање за надомест.

### Дали можам да додадам дете на мојата Medicare картичка?

Бабите и дедовците можат да побараат детето да биде запишано на нивната Medicare картичка, но сепак ќе мораат да доставаат документи за да го поткрепат тоа барање. Документите од Судот и од соодветните државни оддели за заедницата можат да се искористат како доказ дека детето/децата им се доделени на грижа.

Детето не може да биде избришано од Medicare картичката на својот родител без одобрение на родителот. Меѓутоа, кога детето е дадено на основна грижа кај лице кое не му е родител, тоа може да биде запишано на Medicare картичката на споменатото лице или на сопствена Medicare картичка кога ќе наврши возраст од 15 години.

### Дали можам да додадам дете на мојот картон за Заштитната мрежа на Medicare?

Битно е да се знае дека Заштитната мрежа на Medicare има некои ограничувања околу тоа дали детето може да се запише во картонот за Заштитната мрежа на неговата баба или дедо. Детето може да биде запишано на најмногу два картони за Заштитната мрежа.

Доколку родителите имаат два различни картони и детето е заведено на секој од нив, тогаш тоа не може да биде запишано на картонот за Заштитната мрежа на своите баба или дедо.

Бидејќи постојат бројни различни ситуации, бабите и дедовците треба да го контактираат Medicare за да потврдат дали имаат право да го додадат своето внуче на нивната Medicare картичка и/или картон за Заштитната мрежа на Medicare.

## Кус список за проверка

Користете го списокот за проверка за да бидете сигурни дека знаете сè за Medicare.

- Јавете се на **132 011*** за да проверите кои документи треба да ги понесете кога се запишувате.
- Пополнете формулар за запишување што може да го најдете во вашата локална канцеларија на Medicare, на **www.medicareaustralia.gov.au** или јавете се на **132 011***.

- Доколку сте доселеник или сте се пријавиле за статус на постојан престој (вклучувајќи и пријави за виза за постојан престој за заштита) ќе треба да почекате една недела по вашето пристигнување во Австралија пред да се запишете во Medicare. Запомнете да го понесете својот пасош или патни документи со себе кога се запишувате.
- За новороденчињата, болницата ќе ви помогне да го запишете вашето новородено бебе во Medicare.
- Кога првпат ќе ја примите вашата Medicare картичка, проверете ги сите детали за да бидете сигурни дека податоците се точни.
- Уништете ја вашата стара Medicare картичка кога ќе ја примите новата.
- Запомнете да ја носите вашата Medicare картичка со вас (и картичката за попусти доколку имате таква) кога одите на лекар, во болница или кога купувате лекови на рецепт во аптека.
- Кажете им во Medicare доколку ја промените адресата за да се осигурате дека ќе примате нови Medicare картички и други битни информации.
- Запишете го вашето семејство во Заштитната мрежа на Medicare преку пополнување на формуларот приложен во овој пакет, во канцеларија на Medicare, или на **www.medicareaustralia.gov.au**—ова е засебно од пријавувањето во Medicare.
- Доставете ги податоците за вашата банкарска сметка во Medicare Australia за да можете да правите побарувања на самото место.
- Кога одите кај специјалист, погрижете се прво да добиете упат од некој специјалист или општ лекар и да го понесете со себе.
- Запомнете да ги проверите спогодбите за заемна здравствена нега и какво осигурување ви е потребно кога патувате во странство.

## За повеќе информации околу Medicare

| | |
|---|---|
| Преку Интернет | **www.medicareaustralia.gov.au** |
| Електронска пошта | **medicare@medicareaustralia.gov.au** |
| По пошта | **Medicare Australia**<br>**GPO Box 9822**<br>во вашиот главен град |
| Повик | **132 011*** |
| TTY | **1800 552 152**** (Линија за лица со попречен слух и говор) |
| TIS | **131 450*** (Преведувачка и толкувачка служба) |

*Повикот се наплаќа.

**Повикот се наплаќа само од мобилни телефони и говорници.

1577_14c.20.01.11